РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 14-1804/1
09-02-2024 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

**Министерство за труд и социјална политика објавува Јавен оглас за 2 (два информатори) на определено време за потребите на проектот "Ромски Информативни центри" и тоа:**

- 1 (еден) информатор за Општина Тетово – Проектна единица за имплементација на проекти за прашањата за Ромите и другите маргинализирани општествени групи и,
- 1 (еден) информатор за Општина Чаир (Топанско Поле ) - Здружение за развој на ромската заедница Сумнал,

во рамките на проектот "Ромски информативни центри".

Позицијата информатор во Ромскиот Информативен Центар ќе биде финансиски поддржан од страна на Министерството за труд и социјална политика.

Услови

- Да има завршено минимум IV степен средно образование;
- Да има работно искуство со работните активности поврзани со ромската заедница;
- Основно познавање на компјутерски вештини (Microsoft office пакет);
- Одлични вештини во комуникација;
- Професионална етика, навремено и уредно завршување на задачите и посветеност кон целите на проектот.

Ова позиција е со работно време од понеделник до петок од 7.30/08.30 до 15.30/16.30 часот со фиксен временски договор и платени надоместоци за здравствено осигурување и работен стаж, за период на времетраењето на проектот во Министерство за труд и социјална политика до крајот на 2024 година со можност за продолжување во зависност од продолжувањето на проектот и останатите други услови.

Лицето ќе биде ангажирано преку Агенцијата за привремени вработувања со предвидена месечна бруто плата во износ од 29.739,00 денари.

**Сите заинтересирани кандидати потребно е во плико да ја испратат следната документација:**

1. CV (работна биографија) на македонски јазик


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

2. Писмо за мотивација на македонски јазик (своерачно потпишано) со наведен мобилен контакт број,
3. Копија од диплома за завршен IV степен – средно образование.

Јавниот оглас трае 5 ( пет) дена, почнувајќи од денот на објавување на веб страната на Министерството за труд и социјална политика.

Документите за пријавување на јавниот оглас треба да бидат доставени по пошта на следната адреса:

**Проект: "Ромски информативни центри"**
**Министерство за труд и социјална политика**
**Ул. Даме Груев бр.14**
**1000, Скопје**

**Со назнака: Одделение за имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030**

На горниот десен агол од пликото да се наведе Јавен оглас за информатори и да стои назнака - **„НЕ ОТВОРАЈ„** .

Некомплетните и ненавремено доставените документи Комисијата нема да ги земе во предвид за разгледување.

Кандидатите кои ќе доставaт комплетни документи согласно овој Јавен оглас со нив Комисијата ќе спроведе **интервју.**

За дополнителни прашања може да се обратите секој работен ден од 08.00-16:00 часот на тел 02/313 6833.

Работните задачи на ангажираните лица како информатори во Ромските информативни центри се:

1. ***Информативни услуги и логистичка поддршка за граѓаните***

- претставување и логистичка поддршка на локалното население во остварување на одредени услуги и правата од приоритетните области дефинирани во Националната Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 Ромите и Националните Акциони планови;

- навремено информирање на заедницата за сите конкурси и повици од јавен интерес со посебен фокус на активните мерки за вработување, мерките од социјална заштита и работа со лицата без документи;

- иницира информативни средби со локалната заедница институциите кои согласно дадениот контекст можат да бидат и онлајн;

2. Воспоставување на линк комуникација со граѓаните, институциите и медиумите на локално ниво;

3. Континуирано јакнење на личните капацитети за техничка институционална поддршка за ромската заедница;

- учествува во обуки и работилници за градење на капацитетите.

4. Претставување и застапување на заедницата во однос на остварување на нивните обврски пред институциите и градење на локални партнерства;

- учество во формирањето и работата на локалните тимови и кризни штабови на локално ниво составени од претставници на локалните партнери и од институциите,
- известување за резултатите и процесот на имплементација на проектите од Министерството за труд и социјална политика според договорениот распоред и формати,
- идентификува потреби и проблеми во заедницата,
- влијае на мотивацијата на заедницата за поголемо учество во обуки и преквалификација од активните мерки за вработување,
- работи на подобрување на остварувањето на услугите и правата на ромската заедница преку поттикнување на заемната соработка на институциите и локалната заедница,
- соработува со локалните невладини организации заради поголема информираност при имплементирање на проекти од интерес на локалната заедница,
- работи проактивно и учествува во локалните настани поврзани со имплементирањето на локалните политики за Роми.


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk